2025-9287

Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД
БИТОЛА
17.3.2025 година

МАЛВП-566/2024

Петар Чаловски

# Доставница
## за лична достава

Примач:
**Бирхан Мусовски**
ул.Козјак бр.22
Битола

Именување на актот што се доставува :
Пресуда од 14.3.2025 година

1.Ако лицето до кое писменото мора лично да се достави не се затече таму каде што треба да се изврши доставувањето, доставувачот ќе побара известување кога и на кое место би можел да го затече тоа лице, и ќе остави на некој од неговите полнолетни членови на домаќинството, односно на лицето кое работи на исто место, ако тоа се согласи писмено известување заради примање на писменото да биде во определен ден и час во својот стан, односно на своето работно место.

Ако и по ова доставувачот не го затече лицето до кое треба да се достави писменото, тогаш писменото ќе го остави во станот или во просториите каде што односното лице работи или писменото ќе го прикачи на вратата од станот или просторијата и со тоа се смета дека е извршено доставувањето.

Ако се утврди дека лицето до кое треба да се достави писменото е отсутно и дека некои од неговите полнолетни членови на домаќинството, или лицето кое работи на на исто место не можат писменото навреме да му го предадат ке се врати писменото во судот со начначување каде се наоѓа отсутниот.

2.Кога лицето до кое е упатено писменото односно полнолетниот член на неговото домакинство односно овластеното лице или работникот на државен орган или на правно лице без оправдани причини ке одбие да го прими писменото, доставувачот ке го прикачи на вратата од станот или просторијата.

Ако примачот одбие да ја потпише доставницата, доставувачот тоа ќе го забележи на доставницата и ќе го испише со букви денот на предавањето и со тоа се смета доставувањето е извршено.

Ако примачот е неписмен или не е во состојба да се потпише, доставувачот ќе го испише неговото име и презиме и со букви денот на приемот и ќе стави забелешка зошто примачот не ставил свој потпис.

Причини за одбивање на приемот ____________________________________

________________________________________________________________________

____________________________________

Број на прилозите ___1__

Потврдувам дека го примив напред означечиот акт (со букви) ___________

______________________

Потпис на примачот

______________________

______________________

Потпис на доставувачот

______________________

______________________

Образец СД 27 ( член 202 од Судски деловник ) - Доставница за лична достава во граѓански предмети - бела боја ( се употребува и во управни спорови ).
Формат (500х320)

МАЛВП-566/2024

ОСНОВЕН СУД БИТОЛА

# ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ОСНОВНИОТ СУД ВО БИТОЛА,** со судијата Петар Чаловски како судија поединец, во правната работа по тужбата на тужителот ДТТУ 05 СТАРТ ДООЕЛ Битола ул. Влатко Миленкоски бр.84 застапуван од полномошник адвокат Трифко Неделков од Битола, против тужениот Бирхан Мусовски од Битола ул. ул.Козјак бр.22, основ долг, вредност 3.000.00 денари, без расправа на ден 14.03.2025 година, ја донесе следната:

## П Р Е С У Д А

- поради неподнесување на одговор на тужба-

Тужбеното барање на тужителот ДТТУ 05 СТАРТ ДООЕЛ Битола СЕ УСВОЈУВА .

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Бирхан Мусовски од Битолада му плати на тужителот ДТТУ 05 СТАРТ ДООЕЛ Битола износ од 3.000.00 денари со законска казнена камата во висина на референтната стапка на НБРСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му предходело на тековното полугодие зголемена за 8% поени сметано од 05.04.2023 година до денот на исплатата, во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

СЕ ЗАДОЛЖУВА тужениот Бирхан Мусовски од Битола да му плати на тужителот ДТТУ 05 СТАРТ ДООЕЛ Битола на име трошоци на постапката износ од 3.560,00 денари, во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот преку својот полномошник до овој суд поднесе тужба против тужениот во која наведе дека помеѓу странките на 28.10.2022 година бил склучен договор за обука на кандидат за возач Б категорија и договор за одложено плаќање на рати за обуката, согласно кој тужениот требало да износот од 25.000,00 денари да го плати на шест еднакви рати. Наведе дека тужениот само делумно ја исполнил својата обрвска и останал да му должи на тужителот износ од 3.000,00 денари за што тужителот со препорачана пратка преку пошта му испратил на тужениот опомена пред тужба. Со оглед да тужениот не го доплатил долгуваниот износ ја поднесе предметната тужба со која побара да се усвои тужбеното барање. Трошоци побара. .

Во прилог на тужбата тужителот достави : договор за начин на плаќање на обука за возач од 28.10.2022 година, опомена пред тужба со потврда за прием на пратка од 15.05.2024 година.

Судот направи обид да му ја достави тужбата на тужителот на адресата наведена во тужбата, од каде доставницата се врати со констататција деканa наведената адреса немало вакво лице. Судот со оглед на ваквите околности се обрати со барање до МВР СВР Битола за добивање податоци за адресата на

живеалиште на тужениот, од каде со известување од 24.12.2024 година беше известен дека по извршени проверки во системот на МВР последно пријавена адреса на живеење на тужителот е ул.Козјак бр.22 во Битола.

По ваквото сознание судот направи два обиди да му ја достави тужбата на тужениот на адресата наведена од страна на СВР Битола така што доставата од 03.01.2025 година се врати со констатација дека тужениот не побарал пратка, додека доставата од 03.02.2025 година се врати со констатација дека отпатувал. Со оглед да судот направи три несупешни обиди за достава на тужбата на тужениот на неговата адреса на живеалиште, судот согласно со чл.125 ст.2 од ЗПП в.в.со чл.137 и 128 ст.5 од ЗПП тужбата со покана за давање на одговор на тужба на 11.02.2025 година ја објави на огласната табла и на веб страната на судот од каде ја симна на 28.02.2025 година, но тужениот во определениот рок од 15 дена сметано од денот кога согласно ЗПП се смета дека тужбата му била уредно доставена на одговор, не достави одговор на тужба.

Согласно одредбата од членот 319 ст.1 од Законот за парничната постапка, ако тужениот не поднесе одговор на тужба во определениот рок, судот ќе донесе пресуда со која го усвојува тужбеното барање (пресуда поради неподнесување на одговор на тужба) ако бидат исполнети следните услови: (1) на тужениот тужбата и поканата за давање одговор на тужба да му биле уредно доставени, (2) основаноста на тужбеното барање да произлегува од фактите наведени во тужбата, (3) фактите врз кои се заснова тужбеното барање да не се во спротивност со доказите кои тужителот ги поднел или со општо познати факти и (4) да не постојат општо познати околности од кои произлегува дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба.

Според став 2 од истиот член и закон, судот нема да донесе пресуда поради неподнесување одговор на тужба и кога се исполнети условите од горецитираниот став, ако најде дека се работи за барања со кои странките неможат да располагаат а в.в. со член 3 од ЗПП.

Во конкретниот случај, на тужениот уредно му е доставена тужба со докази за давање на одговор, но од страна на тужениот по истекот на рокот, одговор на тужба не е доставен. Судот утврди дека основаноста на барањето на тужителот произлегува од фактите наведени во тужбата и фактите не се во спротивност со приложените докази. Во исто време не постојат општо познати околности од кои би произлегло дека тужениот од оправдани причини бил спречен да поднесе одговор на тужба. Исто така судот оцени дека се работи за барање со кое тужителот може слободно да располага, па од овие причини судот го усвои тужбеното барање и одлучи како во диспозитивот на пресудата.

При изготвувањето на одлуката, судот во согласност со член 327 ст.5 од ЗПП, во свое образложение ги изнесе само причините што го оправдуваат донесувањето на вакви пресуди, помеѓу кои и пресудата поради неподнесување на овор на тужба.

Бидејќи тужителот успеа во спорот, следување судот согласн 148 и член 149 од ЗПП, АТ и Законот за судските такси, да го задолжи тужениот да му ги

надомести на тужителот трошоците предизвикани во текот на постапката во износ од 3.560,00 денари од кои : за состав на тужба со 30% пашал износ од 1.300,00 денари, за состав на опомена пред тужба со 30% паушал износ од 1.300,00 денари, за судска такса за тужба износ од 480,00 денари, за судска такса за одлука износ од 240,00 денари и за тековна состојба 240,00 денари.

Верно на оригиналот

Судија,
Петар Чаловски

ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот, преку овој суд до Апелациониот суд во Битола.
Д-НА: На полномошникот на тужителот и на тужениот.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: СЕ ЗАДОЛЖУВА тужителот во рок од 5 дена од доставување на преписот од оваа пресуда да плати такса за одлука во износ од 400,оо денари на Буџетска сметка на РМ 100000000063095 при НБ на РМ, уплатна сметка 840 103 03338, приходна шифра 722211 за правни, односно уплатна сметка 840 103 03359 приходна шифра 722213 за физички лица, во спротивно истата ке се наплати присилно преку решение на Управата за јавни приходи зголемена за 50 % по основа на казнена такса.